Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и одлуката за основање на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола, Основачкото собрание на здружението, на седницата одржана на ден 19.11.2018 година го донесе следниов:

# С Т А Т У Т

**на**

**Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола**

## Општи одредби

**Член 1**

**Име на Здружението**

Името на Здружението е: Здружение ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола,

Скратен назив: ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН Битола.

**Член 2**

**Регистрирано седиште на Здружението**

Регистрираното седиште на ул. „Васко Карангелевски" бр.41, Градско реонско пазариште – Битола, Локал број 9 кат 1 Ламела 2 Битола.

**Член 3**

**Цел на Здружението**

3.1 Целта на оваа организација е да иницира, координира и да изведува активности фокусирани на:

- превенција на криминалот на територијата на Република Македонија

- поддршка на образованието, промовирање, професионална подготовка, информирање за фактите и искуството на ентитетите што оперираат на територијата на Република Македонија и пошироко во полето на јавниот ред, безбедноста на патиштата, пожарната безбедност и помошта во несреќи и настани предизвикани од виша сила

- овозможување помош на жртвите, лицата оштетени во кривичните дела и нивните роднини

- превенција од поседување и употреба на супстанции што предизвикуваат зависност и други хемиски супстанци

3.3 За да ја исполни својата цел, Здружението може да аплицира за грантови проекти објавени од страна на домашни и странски институции и може да склучува договори со нив

**Член 4**

**Правна положба, капацитет и времетраење на Здружението**

4.1 Здружението е правно лице, независно од политичките партии и политичките движења.

4.2 Територијалниот капацитет на Здружението е неограничен

4.3 Здружението е формирана на неодреден временски период. Здружението може да биде основач или коосновач на друго правно лице.

4.4 Здружението може да организира подружници на територијата на Република Македонија. Одлуката за организирање на подружница ја носи Собранието со мнозинство број гласови од вкупниот број на членови на Собранието.

**Член 5**

**Средства на Здружението**

5.1 Здружението поседува фондови главно од:

- сопствената активност
- донации, членарини,
- подароци и придонеси од страна на физички и правни лица регистрирани во Република Македонија или странство,
- интереси акумулирани во финансиски банкарски депозити,
- Од ЕУ фондови и фондови на други државни тела или недржавни чинители

5.2 Депонираните и обезбедените финансиски средства, другите предмети и вредности, стануваат средства на Здружението. Средствата на Здружението може исклучиво да се користат за имплементација на целите на активностите како што се овде дефинирани.

5.3 Од телата на Здружението се бара ефикасно да ги користат и штитат средствата.

**Член 6**

**Финансиско управување на Здружението**

6.1 Здружението го планира својот буџет и управува со фондовите во согласност со поставениот буџет

6.2 Финансиското управување на средствата на Здружението е одговорност на извршниот одбор кој ги подготвува сметките на финансиското управување и прави извештаи за финансиското управување со средствата на Здружението на годишна база, после 15-ти февруари за секоја календарска година.

6.3 Одлуките за деталните правила за управување со фондовите треба да бидат преземени од страна на извршниот одбор.

**Член 7**

**Членство во Здружението и членарина**

7.1 Членовите на Собранието стануваат членови на Здружението (во понатамошниот текст: основачи) на денот на основање на Здружението.

7.2 Физичките и правните лица стануваат членови на Здружението врз основа на барањето и одлуката на извршниот одбор за прифаќање на барањето на денот на давањето писмена согласност за безусловното прифаќање на статутот на Здружението и нивното обврзување да ги исполнуваат целите на Здружението и да ги имплементираат предметите на активностите како што се овде дефинирани. Членството се суспендира за временскиот период во кој членовите ја немаат платено членарината. Во овој временски период членот не ги ужива своите права. Членовите немаат право да бидат претставувани во Здружението или да го пренесуваат членството на други лица.

7.3 Членството во Здружението може да биде прекинато:

- со писмено известување од страна на членот кој сака да го напушти членството, на денот наведен во писмото известување; не подоцна од денот на доставувањето на известувањето

- со исклучување на член за материјална повреда на статутот на Здружението или одлука за исклучување на член донесена од страна на извршниот одбор

- со истекување на периодот од 30 дена од доставувањето на барањето за плаќање на членарината

- со смртта на физичко лице или згаснување на правното лице

- згаснување на Здружението

7.4 Права на членовите на Здружението

- членовите на Здружението имаат право да учествуваат во активностите на Здружението и да бидат известени за нив

- членовите на Здружението имаат право да учествуваат во настаните организирани од страна на Здружението

- членовите на Здружението имаат право да поднесуваат предлози до телата на Здружението и да бараат објаснување од нив

- членовите на Здружението имаат право да ги избираат телата во Здружението,

да бидат избирани во телата на Здружението, и да предлагаат кандидати во изборите на членови за телата на Здружението во согласност со избирачката политика

- членовите на Здружението имаат право на информациите добиени со активностите на Здружението
- членовите на Здружението имаат право да го прегледаат извештајот за финансиското управување на Здружението
7.5 Обврски на членовите на Здружението
- Членовите на Здружението се обврзани да ги исполнат целите на активностите на Здружението најдобро што можат
- Членовите на Здружението се обврзани да ја плаќаат членарината, уредно и редовно, да го почитуваат статутот на Здружението, како и одлуките на телата на Здружението
- Членовите на Здружението се обврзани активно да учествуваат во исполнувањето на задачите на Здружението

- Членовите на Здружението се обврзани да не превземаат дејствија што се насочени против целите на активностите на Здружението

7.6 Почесните членови на Здружението треба да бидат физички лица активни во јавната, културната, научната или општествената сфера, на кои ова членство им се доделува како акт на сериозност и признание. Одлуката дали да се додели или не почесно членство ја носи извршниот одбор и почесното членство се прифаќа со добивањето сертификат за почесно членство. Почесното членство престанува со негово одземање, ако почесниот член извршува активности против интересите на Здружението, при што одлуката за одземање ја дава извршниот одбор, после смртта на почесниот член, оставката на почесниот член или згаснувањето на Здружението.

7.7 Права на почесниот член

- да учествува во настаните организирани од страна на Здружението
- да биде информиран за активноста на Здружението
- да поднесува предлози до телата на Здружението

7.8 Почесниот член треба да дејствува во согласност со интересите и целите на активностите на Здружението како што е овде дефинирано

7.9 Одлуката за износот и начинот на плаќање на членарината ја носи извршниот одбор

**Член 8**

## Органи на Здружението

Органи на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола се:

1. Собрание
2. Претседател
3. Извршен одбор

**Собрание на здружението**

**Член 9**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола го сочинуваат сите членови на Здружението.

Собранието избира Претседател со мандат од 4 години со право на повторен избор. Претседателот со одлука избира овластен застапник и претставник на здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 10**

Изборното Собрание се свикува на секои 4 години и конституирањето на органите и телата мора да се изврши 30 дена пред истекот на мандатот на членовите на органите и телата.

Поканата со материјалите за дневен ред во писмена форма се доставуваат најмалку 7 дена пред одржување на седницата.

**Член 11**

На изборното собрание се избира:

- Работно претседателство од три члена;
- Записничар;
- Двајца оверувачи на записникот;
- Органи на управување на Здружението.

**Член 12**

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Извршниот одбор на Здружението или на 1/3 од вкупниот број членови на Собранието, која мора да се одржи најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Ако претседателот на Собранието во рок од 30 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Начинот на свикување на седниците на Собранието на Здружението се определува со Деловникот за работа на Собранието.

**Член 13**

Собранието на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола од редовите на своите членови на редовни или вонредни собранија избира Извршен одбор.

**Член 14**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува со јавно гласање, но по потреба и на предлог од 1/3 од членовите / делегатите гласањето може да биде и тајно.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 15**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Одлучува за промена на целта на здружувањето
- Одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на здружението
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации.
- Констатира прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Донесува програма за работа на Здружението;

- Избира и разрешува членови на Извршниот одбор;
- Го разгледува и усвојува извештајот за работа на Извршниот одбор помеѓу две собранија;
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава насоки за натамошен развој на Здружението;
- Донесува одлуки, заклучоци, препораки за решавање на прашања од интерес на Здружението;
- Одлучува за престанок на здружението со двотретинско мнозинство;
- Врши и други работи кои произлегуваат од Статутот и законите,

**Извршен обор**
**Член 16**

Извршниот Одбор на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола е Извршен орган на Собранието во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развој на здружението во согласност на Статутот.

**Член 17**

Извршниот Одбор на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола брои пет члена.

Мандатот на членовите на Извршниот Одбор трае четири години.

Извршниот одбор од своите редови избира Претседател на извршен одбор со мандат од 4 години со можност да биде повторно избран.

**Член 18**

Претседателот на Извршниот одбор ги свикува седниците на Извршниот одбор, предлага дневен ред и ги раководи седниците.

Во случај на отсутност на претседателот на Извршниот одбор на седницата го заменува еден од членовите на Извршниот одбор по предлог на претседателот.

Претседателот е должен да свика седница на Извршниот одбор најмалку еднаш месечно, а по потреба повеќе пати по барање на 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 19**

Извршниот Одбор ги врши следниве работи:

- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени на собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Формира Стручна служба и врши контрола на нејзината работа;
- Управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;

- Подготвува годишен и периодичен извештај за својата работа;
- Донесува и реализира годишна програма за работа;
- Донесува соодветни правилници, прифаќа спогодби и склучува договори;
- Констатира прием на нови членови и престанок на членување доколку за тоа биде овластен извршниот одбор од страна на собранието;
- Именува и разрешува секретар- Главен координатор на Здружението;
- Донесува одлуки за формирање на постојани и повремени работни тела и комисии и ја насочува нивната работа;
- Организира и активно учествува во организирањето на разни акции и манифестации;
- Доделува одлуки за награди, пофалници и признанија;
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка на Здружението;
- Решава за формирање на ограноци на Здружението;
- Именува членови на стручната служба на Здружението;
- Донесува акти со кои се уредува работата на Стручната служба;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 20**

Извршниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

**Член 21**

Извршниот Одбор се состанува и одржува седници по потреба.

**Член 22**

Седницата на извршниот Одбор ја свикува Претседателот на извршниот одбор.

**Член 23**

Предлог за свикување на Извршниот Одбор може да поднесе една половина од Извршниот одбор или една третина од членовите на Собранието.

**Член 24**

Со седницата раководи и претседава Претседателот, а во негово отсуство ќе раководи член од Извршниот одбор кој ќе го назначи Претседателот.

**Член 25**

Начинот на свикување на седницата и работењето на Извршниот Одбор се уредува со деловникот за работа.

**Член 26**

Членовите на Извршниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

Член 27

Заради извршување на статутарните и програмските задачи и Одлуки на Собранието и Извршниот одбор, Извршниот одбор формира други работни тела.

Стручна служба
Член 28

За извршување на административно стручни, помошни и на нив слични работи од заеднички интерес за остварување на задачите и целите на Здружението се формира стручна служба.

Организацијата и работата на Стручната служба се уредува со акти кои што ги донесува Извршниот одбор.

Член 29

Правата, должностите и одговорностите за работа на вработените на Стручната служба на Здружението - Координаторите на програми ги утрдува Главниот Координатор на програма, кој раководи со стручната служба на Здружението.

Член 30

Главниот Координатор на програма е истовремено и координатор на Здружението, и истиот може да биде во редовен работен однос како и другите координатори со сите права, должности и одговорности што произлегуваат од ЗРО, Статутот и актите на Здружението.

Член 31

Главен координатор и Координатор/и на програма/и може да биде лице со најмалку три години работно искуство во странски и домашни невладини организации, пожелно високо образование, познавање на странски јазик и работа со компјутери, пишување и раководење на проекти, висок степен на познавање на областа во која делува здружението, како изразени организациони и менаџерски способности и квалитети.

Член 32

Вработените во стручните служби не можат да бидат избрани за членови на извршните органи на здружението на граѓани.

Член 33

Изборот на Главен Координатор и Координаторите на програми го врши Извршниот одбор на здружението со мнозинство од гласовите имајќи ги во предвид одредбите од став два од чл.28 од Статутов.

**Член 34**

Главниот Координатор на програма е одговорен за извршување на финансискиот план и се грижи за извршување на одлуките и заклучоците на Извршниот Одбор и Собранието на Здружението.

**Член 35**

Главниот координатор и координаторите на програма се одговорни за својата работа пред Извршниот Одбор.

**Член 36**

Главниот координатор и координаторите на програма учествуваат во работата на Извршниот одбор без право на глас.

**Член 37**

Главниот координатор и координаторите на програма имаат право да свикаат седница на Извршниот одбор доколку за тоа имаат согласност од 1/2 од членовите на Извршниот одбор.

**Член 38**

Средствата за работа на стручната служба и Координаторите на програми се определуваат со финансискиот план секоја година, и тоа средства за плати, материјални трошоци и други тековни средства за работа на Здружението.

## Престанок на Здружението

**Член 39**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;

Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

**Член 40**

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

**Член 41**

Основачите на Здружението ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола имаат право да го укинат здружението.

**Член 42**

Во случај на престанок на работатата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организација истоветна на здружението.

**Член 43**

Доколку неможат да се исполнат условите утврдени во Членот 46, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Македонија.

## Преодни и завршни одредби

**Член 44**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Извршниот одбор на Здружението.

**Член 45**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 46**

Овој Статут влегува во сила од денот на неговото донесување, на ден 19.11.2018 година.

Битола, 19.11.2018 г.

**Претседател на ЕУРОПОЛИЦЕ ФЕДЕРАТИОН за југоисточна Европа и Балкан Битола**

Зоре Лозановски

**Име и презиме**